# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИС... ...ИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Отпаси според тарифата.

Поне... ...ај 1984
Скопје
Број 18 Год. XL

Претплатата за 1984 година изнесува 1.500 динари. Овој број чини 30 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


3682 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ 91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

**253.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1984 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА СУДОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА МАКЕДОНИЈА И ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО БИТОЛА И ШТИП

I

За постојан судија на Судот на здружениот труд на Македонија се избира

Томе Георгиевски, секретар на Кадровската комисија на ЦК СКМ.

II

За постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Битола се избира

Пеце Поповски, дипломиран правник.

III

Се разрешува од должноста претседател на Основниот суд на здружениот труд во Скопје

Александар Топличански, поради избор во друг орган.

За постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје се избира

Зорица Илиоска, виш стручен соработник во Уставниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1235
28 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова, с. р.**

**254.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 април 1984 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО БИТОЛА

За судија на Окружниот стопански суд во Битола се избира

Јосиф Луковски, судија на Општинскиот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1237
28 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова, с. р.**

**255.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77), а по претходно мислење на Народната банка на Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНИТЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ВО 1984 ГОДИНА ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат поблиските намени, начинот и условите за користење на слободните парични средства на Републиката и на општините во 1984 година што се водат како депозит во Народната банка на Македонија.

Член 2

Слободните парични средства од член 1 на оваа одлука Народната банка на Македонија ќе ги дава преку деловните банки за кредитирање на следниве намени:

1. за обезбедување на републички стоковни резерви, во висина до 22%
2. за продажба на опрема, метални конструкции и монтажни работи на домашниот пазар и во странство и за набавка на шински возила во земјата, во висина до 32%
3. за создавање залихи на месо во жив добиток, во висина до 8%
4. за освојување на некои нови земјоделски површини, во висина до 6%
5. за повремени обртни средства на организациите на здружениот труд што вршат работи од посебен интерес за Републиката, во висина до 6%
6. за позајмување на организациите на здружениот труд за производство на производи за посебни намени, во висина до 20%
7. за тековна ликвидност на банките, во висина до 6%

Приоритет при користењето на средствата ќе има деловната банка што ќе обезбеди сопствени средства за намените од став 1 на овој член.

Член 3

Средствата на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија, а се ангажирани во 1982 и 1983 година преку Стопанската банка — Здружена банка — Скопје, таа банка ќе ѝ ги враќа на Народната банка на Македонија под условите утврдени со одлуките на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, објавени во „Службен весник на СРМ“ бр. 14/82, 41/82 и 20/83 и „Службен весник на СРМ — Посебен службен весник“ бр. 7/82.

Член 4

Кредитите за намените од член 2 на оваа одлука, Народната банка на Македонија ќе им ги одобрува на деловните банки според следниве услови:

— за намената од точка 1 — со рок на враќање од 6 месеци и каматна стапка од 3% годишно;

— за намената од точка 2 — со рок на враќа-од 3 години и каматна стапка од 18% годишно;

— за намената од точка 3 — со рок на враќање од 3 години со каматна стапка од 3% годишно;

— за намената од точка 4 — со рок на враќање од 3 години и каматна стапка од 4% годишно;

— за намената од точка 5 — со рок на враќање од 6 месеци и каматна стапка од 18% годишно;

— за намената од точка 6 со рок на враќање од 2 години, почнувајќи од 1987 година и со каматна стапка од 4% годишно;

— за намената од точка 7 — со рок на враќање од 1 месец и каматна стапка во висина на меѓубанкарска камата.

Каматната стапка на одобрените кредити од слободните парични средства на Републиката и на општините може да изнесува до еден процентен поен над пропишаната каматна стапка што банките ја плаќаат на тие средства на Народната банка на Македонија

Член 5

До ангажирањето на средствата за намените од член 2 на оваа одлука, тие ќе се користат за краткорочни заеми за увоз на нафта.

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат според договор што ќе се склучи меѓу Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и корисникот на средствата. Договорот во името на Извршниот совет ќе го потпише републичкиот секретар за финансии.

Член 6

Приходите од каматите од член 4 на оваа одлука ќе се користат за републички стоковни резерви.

Член 7

Пресметувањето и плаќањето на каматата од членовите 4 и 6 на оваа одлука ќе се врши декурзивно — тримесечно.

Член 8

За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Народната банка на Македонија.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-579/1
7 мај 1984 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

**256.**

Врз основа на член 393, точка 4 од Уставот на СР Македонија, а во врска со точка 5 од Одлуката за обемот и изворите на девизи за плаќање на фиксните и гарантните обврски по странските кредити земени до 31. XII. 1982 година, како и критериумите за користење на тие девизи („Службен лист на СФРЈ" број 21/84). Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БАНКА ОД СР МАКЕДОНИЈА НА КОЈА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЌЕ Й ПРОДАВА ДЕВИЗИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ФИКСНИ И ГАРАНТНИ ОБВРСКИ ВО 1984 ГОДИНА

1. Стопанската банка — Здружена банка — Скопје се определува за банка на која Народната банка на Југославија во 1984 година ќе и продава девизи согласно со точка 2 од Одлуката за обемот и изворите на девизи за плаќање на фиксните и гарантните обврски по странските кредити земени до 31. XII. 1984 година, како и критериумите за користење на тие девизи.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 23-778/1
17 мај 1984 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

**257.**

Врз основа на член 393, точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 44 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79 и 46/82), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СУДОВИ КОИ ЌЕ БИДАТ НАДЛЕЖНИ ЗА КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ПОВЕЌЕ ОПШТИНСКИ СУДОВИ ОД ИСТ ОКРУЖЕН СУД

I

За решавање на кривични предмети на малолетници од надлежност и на други општински судови од подрачјето на ист окружен суд се определуваат следниве општински судови:

1. Општинскиот суд во Битола и за предмети од надлежност на Општинскиот суд во Ресен;
2. Општинскиот суд во Прилеп и за предмети од надлежност на Општинскиот суд во Крушево;
3. Општинскиот суд во Куманово и за предмети од надлежност на Општинскиот суд во Кратово;
4. Општинскиот суд Скопје I и за предмети од надлежност на Општинскиот суд Скопје II и
5. Општинскиот суд во Штип и за предмети од надлежност на Општинскиот суд во Свети Николе.

II

Средствата за работа по предметите од точка I на оваа одлука се обезбедуваат на начин определен во член 124 од Законот за редовните судови.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-647/1
27 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски**, с. р.

**258.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80) и член 53 од Законот за средното образование и воспитание („Службен весник на СРМ" бр. 25/79), Републичкиот педагошки совет, на XIII-та седница, одржана на 25 април 1982 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕБНИКОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ЗА II ГОДИНА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО АЛБАНСКИ И ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

1. Се одобрува употребата на учебникот Македонски јазик и литература за II година на средното образование со албански и турски наставен јазик од

Здравковски д-р Александар, Арсова Славка и Момировски Борис, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1984 година.

2. Решението да се достави до Републичкиот комитет за образование и наука, Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-62/1
3 мај 1984 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
**Мадевски д-р Живко,** с .р.

**259.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 53 од Законот за средното образование и воспитание („Службен весник на СРМ“ бр. 25/79), Републичкиот педагошки совет, на XIII-та седница, одржана на 25 април 1982 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕБНИКОТ ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК ЗА I КЛАС

1. Се одобрува употребата на учебникот Француски јазик за I клас од Калајлиева Љубица, Поповски Алексо и Тодорова Маргарита, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1984 година.

2. Решението да се достави до Републичкиот комитет за образование и наука, Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-63/1
3 мај 1984 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
**Мадевски д-р Живко,** с .р.

**260.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на XIII-та седница, одржана на 25 април 1984 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ БУКВАР И ЧИТАНКА ЗА I ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Буквар и читанка за I одделение од Делчев д-р Ѓорѓи, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1984 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-61/1
3 мај 1984 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
**Мадевски д-р Живко,** с .р.

**261.**

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА И РАЗРЕШУВА ОД ДОЛЖНОСТ ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службено патување во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации (републички органи на управата) и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува и разрешува од должност Извршниот совет на Собранието на СР Македонија (работници) изнесува 900 динари.

2. За службено патување во кое е користено ноќевање се признаваат трошоци за ноќевање. Дневните трошоци и трошоците за ноќевање можат да изнесуваат до 1.600 динари.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на Комисијата за кадровски и административни прашања, бр. 17-438/1 од 3. III. 1983 година.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 15 април 1984 година.

Бр. 17-626/1
11 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Комисијата,
**Андон Мојсов,** с. р.

**262.**

Уставниот суд на Македонија врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за измена на Одлуката за промена на Правилникот за утврдување и систематизирање на работи и работни задачи со аналитичка процена, со отворање на ново работно место, во делот со кој се утврдува бројот на бодовите за тоа работно место, на Заедницата за осигурување имоти и лица „Македонија“, филијала Кичево, донесена од работниците на собир на работните луѓе на 20 септември 1982 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Заедницата за осигурување имоти и лица „Македонија“, филијала Кичево на начинот предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 10/84 од 8 февруари 1984 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што основано се постави прашањето за нејзината спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека работниците во Заводот за осигурување имоти и лица „Македонија“, филијала Кичево, на собир на работните луѓе одржан на 20 септември 1982 година, ја донеле оспо-

рената одлука. Со неа е отворено ново работно место, референт за осигурување во општествен сектор во помалку сложени организации и истовремено е определен бројот на бодовите за тоа работно место.

Согласно член 463 од Законот за здружениот труд работниците со референдум, меѓу другото, одлучуваат и за основите и мерилата за распределбата на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што оспорената одлука содржи основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи и дека е донесена на собир на работните луѓе, а не со референдум, Судот утврди дека делот на таа одлука, со кој се определува бројот на бодовите за новоотворено работно место е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 10/84
14 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**263.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 31 став 2 од Правилникот за одговорноста на работниците во здружениот труд, на Основната организација на здружениот труд „Автокоманда" од Скопје, во состав на Работната организација „Авто-Скопје" од Скопје, донесен од работничкиот совет на основната организација на 8 ноември 1978 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основната организација на здружениот труд „Автокоманда", во состав на Работната организација „Авто-Скопје" од Скопје, на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје поведе постапка пред Уставниот суд на Македонија за оценување законитоста на член 31 став 2 од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената одредба е во спротивност со Законот за здружениот труд бидејќи со неа е предвидено учество на два надворешни члена во дисциплинската комисија од вкупно пет члена, што претставува повеќе од 1/4 од членовите предвидени во член 200 став 3 од Законот за здружениот труд.

4. Во претходните испитувања и на седницата Судот утврди дека според член 31 став 1 од оспорениот правилник, дисциплинската комисија се состои од четири члена и од претседател на комисијата. Во став 2 од истиот член предвидено е претседателот и два члена на комисијата да се избираат од работниците во основната организација, а преостанатите два члена да се избираат од листата што ја утврдува Соборот на здружениот труд на Општина Гази Баба — Скопје, по предлог на синдикатот.

5. Согласно член 200 став 3 од Законот за здружениот труд определен број, но не повеќе од една четвртина од вкупниот број на членовите на дисциплинската комисија, мора да бидат лица надвор од основната организација што ги избираат работниците од листата што ја утврдува соборот на здружениот труд на општина на чија територија се наоѓа основната организација на предлог од синдикатот.

Со оглед на тоа што со оспорената одредба е предвиден состав на дисциплинска комисија, со кој се пречекорува границата од една четвртина на членовите во состав на дисциплинската комисија кои се избираат надвор од основната организација, Судот утврди дека оспорената одредба е во спротивност со член 200 став 3 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 34/84
14 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**264.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа на седницата одржана на 21 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Собранието на Општина — Неготино за оценување уставноста и законитоста на член 35 став 2 алинеја 1 од Правилникот за утврдување на основите и мерилата за распоредување на чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Работната организација ТЕЦ „Неготино" во Неготино, со референдум одржан на 22 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на Општина Неготино".

3. Собранието на општина Неготино поднесе предлог за оценување законитоста на Одлуката на Работничкиот совет на Термоелектраната „Неготино" бр. 02-19/8 од 13 декември 1982 година. Од наводите во предлогот и приложените акти е утврдено дека предлогот се поднесува заради изјаснување на овој Суд по спорот меѓу директорот на Термоелектраната „Неготино" и Работничкиот совет за примена на одредбите од Законот за работните односи и од самоуправниот општ акт на работната организација за висината на личниот доход за работа во деновите на празниците кога не се работи. Имено, Собранието на општината Неготино смета дека работникот за работа во деновите на празниците има право само на зголемен личен доход според правилникот за лични доходи на работната организација, а не и надоместок на личен доход како додатно примање покрај зголемениот личен доход. Поради тоа, предлагачот смета дека според оспорената Одлука на работничкиот совет работниците кои работат во деновите на празниците, имаат право и на зголемен личен доход, и на надоместок на личниот доход, да на тој начин за тие денови добиваат личен доход во висина од 2,5 аконтации на нивниот личен доход.

4. Доносителот на оспорениот акт, во одговор на наводите во предлогот, појасни дека до 10 октомври 1981 година, кога е издаден усмен налог на директорот, постоела практика работникот кој работи во деновите на празниците да добива личен доход зголемен за 50% — според член 35 од правилникот за лични доходи и надоместок на личен доход во висина на аконтацијата според член 39 од тој правилник. Работничкиот совет смета дека таквиот начин на утврдување на личниот доход е во согласност со законот па наоѓа дека со право ја донел оспорената одлука за укинување на усмениот налог на директорот.

5. На седницата Судот утврди дека според член 35 став 1 од Правилникот за утврдување на основите и мерилата за распоредување на чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на Термоелектраната „Неготино" за работа обавена во време подолго од редовното работно време (прекувремена работа), и за време на државните празници, личниот доход на работни-

кот му се зголемува за 50%. Со член 39 од овој Правилник, пак, меѓу другото е предвидено на работникот да му припаѓа надоместок на личен доход во висина на аконтацијата на личниот доход од претходниот месец, помеѓу другото, и за деновите на празник кога не се работи.

Исто така, Судот утврди дека одлуката на работничкиот совет гласи: „Усмениот налог на директорот за укинување исплатата на празничните саати се укинува", и со тоа е прекината практиката во работната организација работата во деновите на празниците да се вреднува по двата основи од правилникот.

6. Според член 83 од Законот за работните односи, на работникот му припаѓа зголемена аконтација на личниот доход за работа во деновите на празниците кога не се работи, за ноќна работа и за работа подолга од 42 часа во неделата, во висина утврдена со самоуправниот општ акт, во согласност со општествениот договор и самоуправната спогодба.

Со оглед на тоа што означената законска одредба предвидува на работниците да им припаѓа зголемена аконтација на личниот доход за работа во деновите на празници кога не се работи и за работа подолга од 42 часа во неделата, Судот смета дека оспорените одредби од правилникот не се во несогласност со означената законска одредба.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 34/83
21 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**265.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија, член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 7 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 6 од Самоуправната спогодба за издвојување и здружување на средства за станбена изградба, склучена на 26 декември 1980 година меѓу работниците во основните организации на здружениот труд, во другите самоуправни организации и во работните заедници на подрачјето на општина Гевгелија.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општината Гевгелија".

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, поведе постапка за оценување законитоста на член 6 од Самоуправната спогодба означена во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата законитост.

4. На седницата Судот утврди дека во член 6 е предвидено 1,20% од средствата за задоволување на станбените потреби на работниците и на работните луѓе, кои се обезбедуваат од чистиот доход на основните организации на здружениот труд, другите самоуправни организации и на работните заедници учесници во спогодбата, од Заедницата на становањето да се издвои и насочи наменски во Заедницата за основно воспитување и образование за изградба на згради на училишта за основно воспитание и образование во Гевгелија, Богданци и Стојаково.

Како што се гледа од содржината на оспорената одредба од Самоуправната спогодба, со неа всушност се врши пренамена на средствата за станбена изградба во средства за изградба на згради за училишта за основно воспитание и образование.

Според член 15 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ" бр. 9/81 и 14/82) работниците во организациите и заедниците издвојуваат и здружуваат средства за станбена изградба, меѓу другото, и за задоволување на нивните станбени потреби. Согласно член 16 од овој закон, работниците издвојуваат и здружуваат средства за станбена изградба во согласност со планот на заедницата на станувањето, донесен врз основа на оценетите станбени потреби на организациите и заедниците. Средства за станбена изградба во рамките на заедницата на станувањето обезбедуваат, согласно член 17 став 1 од истиот закон, работниците од доходот и чистиот доход на организациите на заедниците. Најпосле, со член 18 од овој закон е предвидено средствата од член 16 на овој Закон што работниците ги издвојуваат од доходот и чистиот доход да ги здружуваат со самоуправна спогодба во рамките на заедницата на станувањето. Според член 392 од Законот за здружениот труд работните луѓе непосредно и преку своите организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, основаат самоуправни интересни заедници во станбената област, во кои тие здружуваат средства за станбена изградба, ја утврдуваат политиката и програмата на таа изградба и заедно со станарите управуваат со станбените згради и со становите во општествена сопственост и остваруваат други заеднички интереси.

Од означените законски одредби произлегува дека работниците во основните организации на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници издвојуваат и здружуваат средства за станбена изградба само за задоволување на своите станбени потреби, што значи дека тие средства се строго наменски.

Со оглед на тоа што со член 6 од оспорената самоуправна спогодба се врши пренамена на средствата, Судот утврди дека тој не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 128/83
7 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**266.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата по одржаната јавна расправа на 15 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека Правилникот за решавање на станбените прашања на работниците на Работната заедница на Службата за општествено книговодство — филијала во Титов Велес, донесен на собирот на работниците одржан на 20 март 1980 година, во времето на неговото важење не бил во согласност со Уставот на СР Македонија и бил во спротивност со Законот за здружениот труд.

Оваа одлука има исто правно дејство како и одлука на Уставниот суд на Македонија со која се поништува самоуправен општ акт.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната заедница на Службата за општествено книговодство — филијала во Титов Велес.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 174/83 од 18 јануари 1984 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука и посеб-

но на неговиот член 4 став 4 затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со уставното начело на еднаквоста утврдено во оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела и член 204 од Уставот на СР Македонија како и за нивната спротивност со член 463 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. Во текот на постапката и на јавната расправа Судот утврди дека оспорениот Правилник со кој се регулираат односите во станбената област на работниците е донесен на собир на работниците, а не од работниците со референдум. Понатаму, Судот утврди дека во текот на постапката работниците на оваа работна заедница на 9 декември 1983 година, со референдум донесле нов Правилник, кој денес се применува.

Во член 419 став 2 од Уставот на СР Македонија е предвидена можност Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, ако постапката е поведена по повод претставка со која се дава иницијатива за оценување на уставноста на закон или уставноста и законитоста на друг пропис или општ акт, односно на самоуправен општ акт кој престанал да важи, се смета дека постапката е поведена од денот на приемот на претставката.

Со оглед на тоа што претставката е поднесена пред престанокот на важење на оспорениот Правилник, Судот утврди дека има правна можност за оценување на неговата уставност и законитост.

Понатаму, Судот утврди дека во член 4 став 4 од оспорениот Правилник е определено дека на работникот со самиот факт што тој или членовите на неговото семејно домаќинство, со кој живее во моментот на поднесувањето на барањето за решавање на станбеното прашање, е носител на станарско право или има стан во индивидуална сопственост, не може да му се решава станбеното прашање.

5. Со член 463 став 1 од Законот за здружениот труд е предвидено дека работниците во основната организација или работната заедница со референдум одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка но, согласно член 118 став 1 од Законот за здружениот труд, покрај другото, се користат и за задоволување на станбените потреби на работниците.

Со оглед на тоа што оспорениот Правилник е донесен на собир на работниците со што е повредено неотуѓивото право на работниците со референдум да одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка, Судот утврди дека тој во време на неговото важење бил во спротивност со член 463 став 1 од Законот за здружениот труд.

Исто така и оспорениот член 4 став 4 од Правилникот, со тоа што одделни работници неосновано ги исклучува од решавањето на станбеното прашање со самиот факт што тој или членовите на неговото семејно домаќинство, со кои живее во моментот на поднесувањето на барањето за решавање на станбеното прашање, се носители на станарско право или имаат стан во индивидуална сопственост без да ги утврди стварните услови за живеење, Судот утврди дека во време на неговото важење, не бил во согласност со уставното начело на еднаквост утврдено во оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела и во член 204 од Уставот на СР Македонија и бил во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 174/83
15 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**267.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 13 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа одржана на 16 февруари 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 13 став 3 и член 16 од Одлуката за условите и начинот на користењето на шумските плодови, лековити билки, полжави, влекачи и водоземци, донесена од Собранието на општината Гевгелија на заедничка седница одржана на 10 јуни 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општината Гевгелија“.

3. Собранието на Земјоделската задруга „Југопрогрес“ во село Мрзенци поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот, предмет на оспорената одлука е заштита на билките и животните од искоренување и истребување, но предлагачот смета дека од содржината на таа Одлука не произлегува ограничување на собирањето на овие добра, затоа што нив може да ги собираат сите физички и правни лица, туку се ограничуваат организациите кои ќе вршат откуп, преработка и продажба на овие добра. Понатаму, предлагачот смета дека со член 16 од оспорената Одлука, со која Задругата не е определена да врши откуп на овие добра, всушност се врши ограничување на дејноста на задругата, која е регистрирана во Окружниот стопански суд во Скопје, меѓу другото и за откуп и пласман на лековити растенија, шумски плодови, преработка на габи и сточарство. Поради тоа, предлагачот смета дека извршниот совет не е овластен со свои акти да го ограничува вршењето на дејноста на организациите на здружен труд за дејноста за која се тие регистрирани и дека оспорената одлука е во спротивност со член 20 став 2 точка 1 од Законот за основите на работењето на организациите на здружениот труд во областа на прометот на стоки и услуги и за системот на мерките со кои се спречува нарушувањето на единството на југословенскиот пазар.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената Одлука се утврдуваат условите и начинот на користење на шумски плодови, лековити билки, полжави, влекачи и водоземци како добра од општ интерес кои во својата природна средина слободно се создаваат и се наоѓаат. Според член 5 од Одлуката, собирање на добра од општ интерес можат да вршат организации на здружениот труд, општествени организации, здруженија на граѓани и други општествени правни како и физички лица. Понатаму, со член 13 став 2 е забрането и казниво предавање и продавање на собрани добра од општ интерес на организации и заедници или физички лица кои не се овластени да вршат откуп на начинот утврден со оваа одлука. Според член 15 став 2, пак, откуп на тие добра може да врши само организација на здружен труд под услови и на начин утврдени со закон и со оваа одлука, а според член 16 Извршниот совет на Собранието на општината со свое решение ги определува организациите на здружениот труд кои можат да вршат откуп на означените добра и воедно им се забранува на другите организации да вршат таков откуп. И на крајот, Судот утврди дека Извршниот совет со свое решение број 02-1285/1 од 18 јуни 1983 година ги определил организациите кои можат да вршат откуп на овие добра.

5. Согласно член 185 став 2 точка 21 од Уставот на СР Македонија, во општината особено се уредуваат односите во врска со заштитата на природата и унапредувањето на човековата околина и се обезбедуваат услови за искористување на природата и природните богатства. Согласно, пак, член 303 став 2 од

Уставот на СР Македонија, во областите што се уредени со републички закон во рамките на своите права и должности општините можат да донесуваат прописи заради уредување на одделни прашања што не се уредени со законот. Овие прописи мора да бидат во согласност со законот.

Согласно член 7 од Законот за шумите („Службен весник на СРМ" бр. 20/74), со шумите во општествена сопственост стопанисуваат организации на здружен труд, а по исклучок и одделни државни органи. Притоа, според член 21 од истиот закон, стопанисувањето со шумите особено ги опфаќа производството на шумски сортименти и користењето на други шумски производи (шумски плодови, лековити растенија), како и друго користење на шумите.

Од изнесените уставни одредби произлегува дека Општината е овластена да донесува акти со кои ќе ги уредува односите за искористување на природата и природните богатства. Од изнесените законски одредби произлегува дека општината во одредени случаи може да стопанисува со шумите.

Согласно член 20 став 2 точка 1 од Законот за основите на работењето на организациите на здружениот труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушување на единството на југословенскиот пазар во таа област („Службен лист на СФРЈ" бр. 43/76), како акти и дејствија со кои се нарушува единството на југословенскиот пазар особено се сметаат актите и дејствијата со кои на организацијата на здружениот труд и се одзема правото или и се отежнува на определено подрачје да врши промет на стоки и услуги, или во вршењето на прометот на стоки и услуги на определено подрачје се доведува во нерамноправна положба или во понеповолна положба во однос на други организации на здружениот труд.

Со оглед на означената законска одредба, Судот смета дека Општината, иако е овластена со свои акти да го уредува искористувањето на природните богатства, вклучувајќи ги тука и шумските производи, таа не може со тие акти да ја ограничува дејноста на организациите на здружениот труд за која тие се регистрирани кај надлежниот стопански суд.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од означената одлука се овластува Извршниот совет на Собранието на општината Гевгелија да одредува кои организации можат да вршат откуп на добра од општ интерес, со што всушност се ограничува дејноста на други организации на здружениот труд регистрирани кај надлежните органи за обавување на тие дејности, Судот утврди дека оспорените одредби од одлуката не се во согласност со означените уставни и законски одредби.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 176/83
16 февруари 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

## 268.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 11 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 79 од Правилникот за работни односи, донесен од Собирот на работните луѓе во Централното основно училиште „Вера Јоциќ" во Скопје на 11 мај 1978 година, во времето на неговото важење не бил во согласност со Уставот на СР Македонија и со Законот за работните односи.

2. Оваа одлука има дејство како одлука со која се укинува самоуправен општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 220/83 од 22 февруари 1984 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 79 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што основано се постави прашањето за согласноста на овој член од Правилникот со член 212 став 4 од Уставот на СР Македонија и член 49 став 1 од Законот за работните односи.

5. Судот на седницата утврди дека оспорениот Правилникот престанал да важи, но дека од престанокот на неговото важење до поднесувањето на претставката не поминало повеќе од една година, поради што, согласно член 419 став 2 од Уставот на СР Македонија постојат процесни претпоставки за оценување на неговата уставност и законитост.

Разгледувајќи го овој Правилник, Судот утврди дека во член 79 е предвидено годишниот одмор на работниците да се определува во зависност од работите и работните задачи, работниот стаж, социјалните услови и резултатите од трудот. Така, работниците со посебни овластувања и одговорности по основ на работите и работните задачи што ги вршат добиваат 18 дена, а другите работници по овој основ добиваат 16 дена.

6. Според член 212 став 4 од Уставот на СР Македонија и член 49 став 1 од Законот за работните односи, работникот има право на годишен одмор во текот на една календарска година во траење од најмалку 18 дена, а најмногу 30 работни дена, сметајќи ги и саботите како работни денови.

Со оглед на тоа што со Уставот и со Законот е утврден бројот на загарантираните работни денови на годишниот одмор, Судот смета дека со самоуправен општ акт не може да се намалува стартниот-загарантираниот број на денови од 18 на 16 работни дена, како што е предвидено во оспорениот член 79 од означениот Правилник, поради што утврди дека овој член во времето на неговото важење не бил во согласност со означените уставни и законски одредби.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 220/83
11 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

## 269.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 1 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 28 март 1984 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 36 од Правилникот за условите и критериумите за давање кредит за станбена изградба и станови на Основната организација на здружениот труд „Благој Туфанов" — Радовиш при ЗИК „Радовишко Поле" — Радовиш, донесен од работниците со референдум на 23 ноември 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основната организација на здружениот труд „Благој Туфанов" — Радовиш на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Штип поведе постапка пред Уставниот суд на Македонија за оценување уставноста и законитоста на член 36 од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот на овој член се ут-

врдени основи и мерила според кои работниот стаж во организацијата е вреднуван позасилено во однос на работниот стаж стекнат надвор од организацијата.

3. Разгледувајќи го оспорениот член 36 од наведениот Правилник, Судот утврди дека како основ за утврдување редоследот за доделување на станови и станбени кредити, покрај другите, е предвидено и работно искуство. Притоа, според овој член работниците за секоја помината година на работа во основната организација добиваат по 3 поени, додека за стажот стекнат во друга работна организација добиваат по 1 бод за секоја година.

4. Согласно член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд, правото на работа со општествени средства што го стекнува секој работник во здружениот труд е основа за остварување на неговите права, обврски и одговорности во здружениот труд. Работејќи во здружениот труд со општествени средства работникот создава доход кој има општествен карактер. Дел од создадениот доход, односно дел од чистиот доход, работниците во основните организации издвојуваат во фондот за заедничка потрошувачка, кој покрај другото го користат и за обезбедување на станови на работниците. Работејќи, пак, и создавајќи доход со општествени средства, работникот стекнува и работен стаж кој исто така има општествен карактер, без оглед дали е стекнат во една или повеќе организации.

Согласно начелото на еднаквост утврдено во оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, неприкосновената положба и улогата на човекот ја сочинуваат, покрај другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставот и законот.

Со оглед на тоа, Судот смета дека различното вреднување на работниот стаж во и вон организацијата, претставува неоправдано привилегирање на тие работници кои работниот стаж го стекнале во организацијата. Оваа затоа што организацијата предвидувајќи го работниот стаж како основ за распределба на станови и станбени кредити, поаѓа од работниот стаж како елемент и израз на личниот придонес на работникот што со својот труд го дал во зголемување на материјалната основа на социјалистичкото општество. Поаѓајќи од ова, а особено имајќи го предвид општествениот карактер на доходот, Судот утврди дека помалото вреднување на работниот стаж стекнат во другите организации, создава нееднаквост меѓу работниците во распределбата на средствата за заедничка потрошувачка.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 55/84
28 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДЕМИР ХИСАР

**208.**

Врз основа на член 29 и 30 од Статутот на ОСИЗ за општествена заштита на децата — Демир Хисар, Собранието на Заедницата, на заедничката седница на Соборот на давателите на услугите и Соборот на корисниците на услугите, одржана на 20 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОСИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДЕМИР ХИСАР ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ за општествена заштита на децата — Демир Хисар за 1984 година се утврдува да изнесува:

— 2,15% од бруто личните доходи од работен однос во стопанство и другите нестопански дејности, а на 1,07% во ОЗТ од предучилишното, основното и средното насочено воспитание и образование;

— 0,05% од личен доход од земјоделска дејност и

— 0,40% на личен доход од вршење на стопанска и друга професионална дејност.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува важноста на Одлуката бр. 02-54 од 24. II. 1984 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 7/84.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1984 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на општината Демир Хисар“.

Бр. 02-117/1
20 април 1984 година
Демир Хисар

Претседател,
**Лена Цветановска**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — ДЕМИР ХИСАР

**209.**

Врз основа на член 58 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ бр.13/78) и член 13 став 1 точка 4 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за вработување — Демир Хисар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 20 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Одлуката за утврдување стапката на придонесот за вработување, бр. 02-178/14 од 8. II. 1984 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 9/84, се менува во членот 1 и 2 и тоа:

Во членот 1 наместо стапката „0,90%“ треба да стои стапката „0,85%“.

Во членот 2 по зборот „основното“ се додава запирка, сврзникот „и“ се брише, а по зборовите „средното образование“ се додаваат зборовите „и предучилишното образование и воспитување“, додека наместо стапката „0,45%“ да стои „0,40%“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1984 година.

Бр. 02-58/7
20 април 1984 година
Демир Хисар

Претседател,
**Драган Ангеловски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — ДЕБАР

**210.**

Врз основа на член 58 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ" бр. 13/78) и член 13 став 1 точка 4 од Статутот на Општинската СИЗ за вработување — Дебар, Собранието на ОСИЗ за вработување — Дебар, на седницата одржана на 13 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

За 1984 година се утврдува висината на пресметковната стапка на придонесот за вработување од 0,75% на бруто личен доход.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното и средното образование, од социјалната заштита и организациите од културните дејности ќе плаќаат придонес за вработување по стапка од 0,38% од бруто личен доход.

Член 3

Лицата привремено вработени (сезонски работници) во странство ќе плаќаат придонес за вработување по стапка од 5% од месечниот личен доход.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 април 1984 година.

Бр. 03-111
13 април 1984 година
Дебар

Претседател,
**Халил Мурати,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

**211.**

Врз основа на член 16 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), Собранието на ОСИЗ за социјална заштита — Дебар, на седницата одржана на 28 декември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ДЕБАР ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите и тоа: придонес од доходот на организациите на здружениот труд, придонес од личен доход од работен однос од стопанство и нестопанство, придонес од личен доход од земјоделска дејност, придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност и по тие пресметковни стапки се обезбедуваат средства на ОСИЗ за социјална заштита — Дебар.

Член 2

Досегашните пресметковни стапки на придонесите изнесуваат и тоа:

1. придонес од доходот на работните организации — 0,38%;
2. придонес од личен доход од работен однос од стопанство — 0,35%;
3. придонес од личен доход од нестопанство — 0,35%;
4. придонес од личен доход од земјоделска дејност — 0,25%;
5. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — 0,10%;
6. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност — 0,10%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 03-51
28 декември 1983 година
Дебар

Претседател,
**Мухамед Равмановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

**212.**

Врз основа на член 201 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 16 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ НА ДЕЛЕГАТИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНСКАТА СИЗ НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

За учество во работата на Собранието на Општинската СИЗ на здравството и здравственото осигурување и неговите органи и тела, како и за вршење на други задачи за Општинската заедница, на делегатите им припаѓа надоместок на дневници, патни трошоци и надоместок за загубен личен доход, односно заработувачка.

II

Висината на дневниците за службено патување во земјата на делегатите изнесува 700,00 динари.

Дневница за службено патување следува ако патувањето трае повеќе од 12 часа.

За службено патување кое трае повеќе од 8, а помалку од 12 часа, на делегатот му следува 50% од утврдениот износ на дневницата т.е. 350,00 динари.

За службено патување кое трае повеќе од 12 часа, но делегатот не ноќева надвор од местото на живеење, од дневницата се одбива 30% и изнесува 490,00 динари.

На делегатот кој е на службено патување му се признаваат трошоци за ноќевање доколку достави сметка од хотелската организација, така што дневните трошоци и трошоците за ноќевање може да изнесуваат до 1.300,00 динари.

Во случај на надоместување на трошоците за ноќевање дневницата се намалува за 30% и изнесува 490,00 динари.

III

Патните трошоци на делегатите се надоместуваат во висина на стварно направените трошоци за превоз со превозните средства на јавниот сообраќај.

IV

Ако за извршување на работи и работни задачи од функцијата на Собранието и неговите органи, а по налог на раководните лица на Собранието и Стручната служба на Општинската заедница, се ангажираат надворешни лица, на тие лица им припаѓа надоместок за патни и дневни трошоци според оваа одлука.

V

Надоместок за изгубен личен доход односно заработувачка по претходно доставен документ, се утврдува во висина на просечниот дневен износ на аконтацијата на личен доход, кој делегатот го оства-

рува во својата основна организација на здружен труд, односно друга организација или орган што има својство на работник во здружениот труд.

На делегатите кои вршат земјоделска или слична дејност ќе се исплатува надоместок за изгубено време по 350,00 динари дневно.

VI

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи претходната одлука.

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1984 година.

Бр. 0201-307/2
16 април 1984 година
Кавадарци

---

**213.**

Врз основа на член 57 став 1 и 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 82, 83 и 84 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на даватели на услуги, одржана на 16 април 1984 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ И ДНЕВНИЦИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и дневниците за време на патувањето со престој во друго место што им припаѓа на корисниците на здравствена заштита на терет на средствата на Општинската самоуправна интересна заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, а во случај кога од матичниот лекар или лекарска комисија се упатени да користат здравствена заштита надвор од местото на нивното живеалиште и на начин пропишан со Статутот на Заедницата.

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на корисниците според тарифата на превозните средства во јавниот патен сообраќај по најкусата релација.

Кога превозот е извршен без претходен налог на матичниот лекар, оправданоста за извршениот превоз ја цени лекарската комисија дополнително по барање на корисникот и со поднесување на потребните докази.

Член 3

Надоместокот за превозот се одредува по тарифата на најкусата релација на превозните средства во јавниот сообраќај — железница, автобус или авион.

Кога на иста релација сообраќа и воз и автобус, за надоместок се зема пониската тарифа.

Член 4

Ако корисникот според посебни прописи има право на неограничен број бесплатни патувања во јавниот патен сообраќај, не му припаѓа право на надоместок по оваа одлука.

Член 5

На корисник кој користи здравствена заштита спротивно на одредбите од Статутот не му припаѓа надоместок за патни трошоци.

Член 6

Налогот односно упатот за патување во друго место поради амбулантски, специјалистички и контролни прегледи важи, по правило, само за едно патување. Доколку лекарот специјалист, на кого корисникот му е упатен на прв преглед, најде дека е потребно испитување и лекување и кај други специјалисти, тоа посебно ќе го констатира, така да првобитниот упат ќе важи и за останатите прегледи.

Кога корисникот во смисла на претходниот став е упатен односно преземен на амбулантно-специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето односно испитувањето.

Здравствената работна организација, односно лекарот на истата, кој на упатениот корисник му пружил здравствена заштита, на налогот за патување треба да потврди колку време корисникот тука се задржал во врска со прегледот (датум и часови) оверен со печат и потпис, што е доказ дека корисникот патувал и се јавил за здравствена заштита. Ако не е констатиран часот на почеток и завршување на времето на задржувањето, се исплатува само половина дневница од износот утврден во член 7.

Член 7

Надоместокот на име исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место на корисникот изнесува и тоа:

1. на подрачјето на сопствената општина односно Заедницата — 100,00 динари;
2. вон Заедницата, а на подрачјето на СРМ — 240,00 динари;
3. во Скопје — 280,00 динари;
4. надвор од подрачјето на СРМ — 300,00 динари;
5. во други центри на републиките и покраините — 380,00 динари.

За корисниците — деца до навршување на 7 годишна возраст надоместокот од претходниот став се намалува за 50%.

Надоместокот припаѓа во полн износ ако патувањето и престојот во друго место заедно со часовите поминати на пат траел повеќе од 12, а помалку од 24 часа, а во половина износ ако патувањето и престојот траело повеќе од 8, а помалку од 12 часа.

Член 8

Барањето за исплатување на надоместокот од претходниот член стасува првиот нареден ден по завршеното патување, односно завршеното лекување.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1984 година.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместокот на патните трошоци на осигурените лица, бр. 320/1 од април 1983 година.

Бр. 0201-307/3
16 април 1984 година
Кавадарци

---

**214.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 90 став 1 и 2 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисници и Соборот на давателите на услуги, одржана на 16 април 1984 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — РАБОТНИЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување право на надоместок на трошоците за закоп и посмртна помош во случај на смрт на ко-

рисник на здравствена заштита од подрачјето на Општинската заедница на здравствена заштита — Кавадарци.

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за закоп се утврдува и тоа:

— 2.830,00 динари, во случај на смрт на корисник до едногодишна возраст;

— 4.500,00 динари, во случај на смрт на корисник од 1—7 годишна возраст;

— 6.200,00 динари, во случај на смрт на корисник од 7—14 годишна возраст;

— 8.000,00 динари, во случај на смрт на корисник над 14 годишна возраст.

Член 3

Во случај корисникот да умре вон подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, надоместокот од претходниот член се зголемува за 30% без оглед каде е извршен закопот.

Доколку корисникот умре во странство, надоместокот од член 2 се зголемува за 50% без оглед каде е извршен закопот.

Надоместокот за погребните трошоци се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на корисникот, врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврдата за извршениот закоп и здравствената легитимација на корисникот.

Во случај корисникот да умре во странство, покрај доказите од претходниот став се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на СФРЈ во таа земја дека лицето умрело во странство.

Член 5

На членовите од потесното семејство на корисникот што умрел, а кои тој од својата заработувачка ги издржувал, им припаѓа посмртна помош во висина на едномесечен износ од основицата за надоместокот на личен доход, односно едномесечна последна пензија, материјално обезбедување, привремен надоместок, при што се зема предвид и заштитниот додаток кој се исплатува со пензијата, како и додатокот на инвалидност кој се исплатува со инвалидската пензија што му припаѓа на умрениот корисник по прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

Се смета дека корисникот ги издржувал членовите на семејството ако членовите на семејството користеле здравствена заштита по основ на корисникот кој умрел.

Член 6

Барањето за исплата на надоместокот на погребни трошоци и посмртна помош стасува со денот на смртта односно со закопот на корисникот.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1984 година.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи поранешната одлука, бр. 0201-320/5 од 27 април 1983 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 0201-307/4
16 април 1984 година
Кавадарци

**215.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 90 став 1 и 2 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на делегатите, одржана на 16 април 1984 година донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот, условите за стекнување и остварување на трошоците за закоп во случај на смрт на осигурени лица — земјоделци од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци.

Член 2

Надоместокот на трошоците за закоп се утврдува во следните износи:

1. во случај на смрт на осигурено лице до 1 година возраст — 2.830,00 динари;

2. во случај на смрт на осигурено лице од 1—7 годишна возраст — 4.500,00 динари;

3. во случај на смрт на осигурено лице од 7—14 годишна возраст — 6.200,00 динари;

4.во случај на смрт на осигурено лице над 14 годишна возраст — 8.000,00 динари.

Во случај на смрт на осигуреното лице во странство, надоместокот од член 2 на оваа одлука се зголемува за 50% без оглед каде е извршен закопот.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на корисникот, врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврдата за извршениот закоп и здравствената легитимација на корисникот.

Во случај корисникот да умре во странство, покрај доказите од претходниот став се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на СФРЈ во таа земја.

Член 5

Во случај корисникот да умре вон подрачјето на Општинската заедница, надоместокот се зголемува за 30% без оглед каде е извршен закопот.

Член 6

Барањето за исплата на надоместокот на трошоци за закоп стасува со денот на смртта односно со закопот на корисникот.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1984 година.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи поранешната одлука бр. 0201 89/4 од 31 јануари 1983 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-307/5
16 април 1984 година
Кавадарци

**216.**

Врз основа на член 112 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), член 28 и 29 од Статутот на Општинската заедница — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на давателите на услуги, одржана на 16 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО ЌЕ СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за одделни корисници на здравствена заштита ќе се плаќаат и тоа:

1. за лица на доброволна и задолжителна практика (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 325,00 динари за задолжителна здравствена заштита, за останати права од здравствена заштита и во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2. за учениците во стопанството односно учениците на училиштата од средно образование за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична настава, во износ од 325,00 динари за задолжителните видови на здравствена заштита, за останати права од здравствено осигурување и за случај несреќа на работа и заболувања од професионални болести;

3. за лица кои учествуваат на младински работни акции на кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, во износ од 325,00 динари;

4. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 325,00 динари;

5. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 325,00 динари;

6. за уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од Извршниот совет, во износ од 325,00 динари;

7. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на привремена работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, во износ од 325,00 динари;

8. пензионери од странски носители на осигурување додека престојуваат на подрачјето на заедницата, ако по меѓународен договор не е определено поинаку, во износ од 325,00 динари;

9. за лица што се привремено невработени, а редовно се пријавуваат кај заедницата за вработување, во износ од 362,00 динари;

10. лицата привремено невработени додека се пријавуваат на надлежната заедница за вработување и примаат материјално обезбедување под условите утврдени со самоуправен акт на Заедницата за вработување, во износ од 500,00 динари;

11. лицата на школување, стручно оспособување и усовршување или постдипломски студии во земјата и странство, кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 325,00 динари;

12. лицата кои организацијата пред засновање на работен однос ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 325,00 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат и придонеси за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести за:

1. ученици во средното насочено образование и студентите на вишото и високото образование за време на практичната работа во врска со наставата, во износ од 100,00 динари;

2. лица кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за ПИО се осигурени во случај на инвалидност, во износ од 100,00 динари;

3. лица кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 100,00 динари;

4. лица кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадници на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 100,00 динари;

5. лица кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 120,00 динари;

6. лица кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира или упатува Заедницата за вработување, како и лицата на професионална рехабилитација или школување во соодветните организации на здружен труд, во износ од 120,00 динари;

7. лица учесници во активности при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарната заштита, во износ од 100,00 динари;

8. лица кои по барање на надлежни органи за внатрешни работи или овластено службено лице ќе укажат помош на овие органи во вршењето на нивните должности за време на укажување на таквата помош според соодветните прописи, во износ од 100,00 динари;

9. лица кои вршат повремени или привремени работи по основ на договор, во износ од 120,00 динари.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука, освен за лицата од член 1 точка 8, се пресметуваат и плаќаат однапред.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0201-1123/12 од 24 декември 1982 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1984 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0201-307/6
16 април 1984 година
Кавадарци

---

**217.**

Врз основа на член 103 и 105 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на давателите на услуги, одржана на 16 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во висина од 25% на основица нето личен доход.

Посебниот придонес се пресметува одделно за секој работник.

Член 2

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на начин утврден со закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 мај 1984 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-307/7
16 април 1984 година
Кавадарци

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ШТИП

**218.**

Врз основа на член 30 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на рамноправна седница на двата собора на Собранието, одржана на 29 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ СО СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НАД КОИ ПОСТОИ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 1984 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот од катастарскиот доход на здравствено осигурување на работните луѓе што вршат самостојна дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост се определува во износ од 14% од катастарскиот доход.

II

Земјоделците кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност, плаќаат придонес за здравствено осигурување во износ од 1140 динари годишно по член на домаќинството.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 04-441/8
29 март 1984 година
Штип

Претседател,
**Драган Димитровски,** с. р

**219.**

Врз основа на член 32 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 31 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услуги, одржана на 29 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО 1984 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица во 1984 година, број 1761-1046 од 5 јануари 1984 година („Службен весник на СРМ" број 5/84), членот 1 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот на трошоците за закоп на корисниците на здравствена заштита се определува и тоа:

1. 2830 динари — во случај на смрт на дете до едногодишна возраст;
2. 4400 динари — во случај на смрт на дете над 1 до 7 годишна возраст;
3. 6200 динари — во случај на смрт на дете над 7 до 14 годишна возраст;
4. 8000 динари — во случај на смрт на корисник на здравствена заштита над 14 годишна возраст.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од денот на донесувањето.

Бр. 04-441/2
29 март 1984 година
Штип

Претседател,
**Драган Димитровски,** с. р.

**220.**

Врз основа на член 50 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 31 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на Соборот на давателите на работниците — корисници на услугите одржана на 29 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за вршење на здравствена заштита, број 1761-10-5 од 5 јануари 1984 година („Службен весник на СРМ", бр. 5/84 точката 2 се менува и гласи:

„Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

1. 280 динари — ако се упатува во Републиката;
2. 500 динари — ако се упатува надвор од Републиката.

За децата до деветгодишна возраст се исплатува надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој во висина од 50% од износот определен во претходниот став".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од денот на донесувањето.

Бр. 04-441/3
29 март 1984 година
Штип

Претседател,
**Драган Димитровски,** с. р.

**221.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 30 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на рамноправна седница на двата собора на Собранието, одржана на 29 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ОД 1. IV. 1984 ГОДИНА НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување од 1. IV. 1984 година се определува во висина од 9,03% од бруто личниот доход и другите примања.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, за организациите на здружен труд и други корисници што се распоредени во област 0 и 9 од номенклатурата, се определува во висина од 0,50% од бруто личниот доход.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести за организациите на здружен труд и други корисници што се распоредени во областа од 1 до 8 од номенклатурата се определува во висина од 1,10% од остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 2

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство за работниците испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници) се определува по стапка во висина од 25% од утврдената основица што ја претставува месечниот придонес нето личен доход на работниците на матичната организација исплатен во годината што ѝ претходи на годината во која работникот е испратен во странство, односно просечниот месечен нето личен доход во матичната организација остварен во претходната година за сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник, за работниците кои не оствариле личен доход во претходната година.

Основицата од претходниот став во текот на годината се применува како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината во која деташирањето е извршено според претходната година

Член 3

Стапката на придонес за приватни занаетчии и угостители се утврдува:

— бруто стапка — 9,30%;

— нето стапка — 13,90%.

Член 4

За лица кои работат по договор за дело се плаќа придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и професионално заболување по стапка од 2,93% од исплатениот надоместок.

Член 5

Доколку со Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Општинската заедница основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесот за здравствено осигурување се пресметува и се плаќа по стапка односно според тарифата пресметана за примена на нето личниот доход односно примањето.

Пресметувањето на стапките и на тарифите на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и се плаќаат во нето износ, како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Член 6

Средствата што ќе се реализираат по оваа одлука се наменуваат:

— 56% за задолжителни видови на здравствена заштита;

— 44% за здравствена заштита која што самостојно ја утврдува Заедницата.

Член 7

Придонесите се пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на придонесот на начин утврден со закон, со статут или други општи акти на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 1984 година.

Бр. 04-441/4
29 март 1984 година
Штип

Претседател,
**Драган Димитровски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд се води спор за сопственост врз недвижен имот по тужбата на тужителите Фејзула Вејсел Сељам и Фејзула Весел Фејзула, и двајцата од село Никиштани — Скопје, против тужените Исеновиќ Алилов Халити и Алиловски Мустафов Кадрија, со непознато престојувалиште и живеалиште.

Во овој спор судот како привремен застапник на тужените, а заради заштита на нивните имотни интереси, го одредува лицето Владимир Стефановски, адвокат од Скопје.

Привремениот застапник ќе ги застапува тужените во постапката се додека тие лично или преку полномошник не се појават пред судов.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, П. бр. 2504/81.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Општинскиот суд во Битола го повикува Ѓорѓи Атанасиевски од с. Жабјани, кој наводно исчезнал во текот на НОВ во 1942 година во Бугарија како војник, во рок од три месеци од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави во овој суд, како и секој оној што знае дека ова лице е живо. Во спротивно, по истекот на спомнатиот рок, исчезнатиот Ѓорѓи Атанасиевски ќе биде прогласен за умрен.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 196/84.

ОПШТИНСКИ СУД ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Пред Општинскиот суд во Свети Николе заведен е спор за надомест на штета по тужбата на тужителот Блажо Наков од с. Амзабегово, општина Свети Николе, против тужениот Александар Кралев од Свети Николе, а сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Александар Кралев од Св. Николе, а сега со непозната адреса во странство, да се јави во Општинскиот суд во Свети Николе или да определи свој полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува во спорот.

Од Општинскиот суд во Свети Николе, П. бр. 269/81. (81)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнение на договор за купопродажба по тужбата на Ристовски Спиров Вецо од с. Беловиште, против тужените Спасовска вд. Благоја Васка и Спасовски Благоев Божин и Живко, сите од с. Беловиште, а сега со непозната адреса во Канада.

Се повикуваат тужените Васка, Божин и Живко Спасовски да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да одредат свој полномошник. Доколку не се јават ниту одредат полномошник преку Центарот за социјална работа — Тетово ќе им биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 683/84.

---

Пред овој суд, по тужбата на тужителот Хасан Милаим Камбери од Тетово, ул. „Вера Циривири-Трена“ бр. 14, против тужениот Михајловски Јанко, со непозната адреса во Бугарија, се води постапка за докажување право на трајно користење на недвижен имот.

Бидејќи тужениот Јанко се наоѓа надвор од нашата земја со непозната адреса, се повикува во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот и ја достави својата адреса или во тој рок да одреди свој полномошник кој ќе го застапува во постапката пред судот.

Во спротивно судот ќе му постави привремен застапник преку центарот за социјални работи.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 825/84.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост и владение по тужбата на тужителот Алили Алил Имер од с. Желино, против тужениот Алили Имер Ќани од с. Желино и др.. Вредност на спорот 100,000,00 динари.

Се поканува тужениот Алили Имер Ќани од с. Желино, сега на привремена работа во СР Германија, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во овој суд или да постави полномошник. Во спротивно ќе му се постави привремен старател, кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1145/83.

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор за купопродажба и сопственост по тужбата на Јордан Несторовски од с. Вратница — Тетово, против тужените Антовска Јордана од с. Вратница и др.

Се поканува тужениот Антовски Трипунов Дончо од с. Вратница, а сега со непозната адреса во САД, да се јави на Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да определи полномошник. Во спротивно преку Центарот за социјална работа — Тетово ќе му биде поставен привремен старател, што ќе го застапува во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 113/84.

---

# КОНКУРСИ

Советот на Економскиот факултет „Скопје“ — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за избор на наставници на ООЗТ — Економски факултет — Скопје по предметите:

1. Системи на управување со системи на информации;
2. Математика за економисти I (за два наставника);
3. Социологија со самоуправен социјализам;
4. Методи на пресметка на производството;
5. Деловна статистика и
6. Политика и економика на инвестициите.

Условите за избор се определени со Законот за високото образование и Статутот на Економскиот факултет во Скопје.

Пријавите се поднесуваат до Секретаријатот на Економскиот факултет во Скопје во рок од 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Кон пријавата треба да се приложи:

— диплома за завршено високо образование и доказ за академски степен на науки;

— куса биографија;

— список на научни и стручни трудови и по еден примерок од истите.

Непотполните и неблаговремените пријави нема да се земаат во разгледување. (198)

---

„ПОДРАВКА“ — РОБНИ ПРОМЕТ ООЗТ — ТРГОВИЈА Кадровска служба — КОПРИВНИЦА

објавува

**ОГЛАС**

за вршење работи и работни задачи во Претставништвото — Скопје

ТРГОВСКИ ПРЕТСТАВНИК — 1 извршител

Услови: ВШСС, ССС економски смер или КВ продавач;

— поседување сопствено возило;

— да има најмалку три години работно искуство на слични работи.

Работен однос се заснова на неодредено време.

Писмени понуди се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот на адреса: „Подравка“ — Робни промет ООЗТ „Трговина“ Претставништво — Скопје, ул. „516“ број 4.

СЛУЖБА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО НА СР МАКЕДОНИЈА

Согласно одредбите на чл. 6 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплата на личните доходи во 1984 година („Сл. лист на СФРЈ" бр. 20/84), Службата на општественото книговодство во СР Македонија ја издава следната

ОБЈАВА

1. Порастот на исплатените аконтации на чистите лични доходи во општествениот сектор на Републиката за периодот од 1 октомври 1983 година до 31 март 1984 година во однос на истиот период од претходната година изнесува 36,7% и истиот ќе се применува на корисниците на општествени средства од член 4 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплата на личните доходи во 1984 година.

2. Порастот на исплатените аконтации на чистите лични доходи во општествениот сектор на Републиката за периодот од 1 јануари до 31 март 1984 година во однос на истиот период од претходната година изнесува 39,1% и истиот ќе се применува на корисниците на општествени средства од чл. 1 и 3 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплата на личните доходи во 1984 година.

СОДРЖИНА

Страна

253. Одлука за избор на постојан судија на Судот на здружениот труд на Македонија и постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Битола и Штип 329
254. Одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд во Битола — — — 329
255. Одлука за поблиските намени, начинот и условите за користење на слободните парични средства на Републиката и на општините во 1984 година што се водат како депозит во Народната банка на Македонија — — — — — — — — — 329
256. Одлука за определување банка од СР Македонија на која Народната банка на Југославија ќе и продава девизи за плаќање на фиксни и гарантни обврски во 1984 година — — — — — — — — — 330
257. Одлука за определување на општински судови кои ќе бидат надлежни за кривичните предмети на малолетниците од подрачјето на повеќе општински судови од ист окружен суд — — — — — — 330
258. Решение за одобрување на учебникот Македонски јазик и литература за II година на средното образование со албански и турски наставен јазик — — — 330
259. Решение за одобрување на учебникот Француски јазик за I клас — — — — 331
260. Решение за одобрување употреба на учебникот Буквар и читанка за I одделение — — — — — — — — — — 331
261. Одлука за висината на дневниците за службени патувања на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува и разрешува од должност Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — 331
262. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 10/84 од 14 март 1984 година 331
263. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 34/84 од 14 март 1984 година 332
264. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 34/83 од 21 март 1984 година 332
265. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 128/83 од 7 март 1984 година 333
266. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 174/83 од 15 март 1984 година 333
267. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 176/83 од 16 февруари 1984 година — — — — — — — — — — 334
268. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 220/83 од 11 април 1984 година — — — — — — — — — — 335
269. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 55/84 од 28 март 1984 година 335

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

ДЕМИР ХИСАР

208. Одлука за утврдување на пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ за општествена заштита на децата — Демир Хисар за 1984 година — 336
209. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување стапката на придонесот за вработување за 1984 година 336

ДЕБАР

210. Одлука за утврдување висината на пресметковната стапка на придонесот за вработување за 1984 година — — — — 337
211. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Дебар за 1984 година — 337

КАВАДАРЦИ

212. Одлука за висината на надоместокот за патни и дневни трошоци на делегатите на Собранието на Општинската СИЗ на здравството и здравственото осигурување 337
213. Одлука за надоместок на патните трошоци и дневниците на корисниците на здравствена заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — 338
214. Одлука за висината на износот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица-работници — — — 338
215. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица-земјоделци — — — — — — — 339
216. Одлука за придонесите за здравствено осигурување што ќе се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории корисници на здравствена заштита — — — — — — — — — — 340
217. Одлука за висината на стапката на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство за 1984 година — — — — — — — — — — 340

ШТИП

218. Одлука за стапката на придонесот од катастарскиот доход за здравствено осигурување на работните луѓе што вршат самостојна дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост од подрачјето на општината Штип за 1984 година — — — — — — — — — 341
219. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица во 1984 година — — — — 341
220. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — — — — — — — 341
221. Одлука за стапките и тарифите на придонесите за здравствено осигурување и стапките на посебните придонеси за користење на здравствена заштита во странство од 1. IV. 1984 година на општината Штип — — — — — — — 342

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**